

Беше пладне кога го напуштивме Охрид и се упативме по патот кој води кон Скопје, за да стасаме на нашата дестинација, селото Црвена Вода во Дебрца. Патувањето по новиот пат кој е во интензивна изградба има свој правила кои моравме да ги почитуваме.

Само што го поминавме селот Ботун, недалеку од мостот на реката Сатеска, на десната страна се упативме по нов пат кој е во изградба и не е многу пријатен за возење. Стасавме до стариот пат за селото Црвена Вода и појдовме по стариот асфалтен пак. кој се одвојува како крак од магистралниот пат кај крстосницата за Слатино.

На неколку километри во висините на планината се наоѓа каменонолом, од кои, веројатно се прави целата нова патна мрежа. Но веднаш по таа голема градба започнува шумскиот бисер на планината на која е сместено селото Црвена Вода. Задоволство е да се гледа различната шума која му дава посебна убавина на овој крај.

Стасавме во планинското село Црвена Вода кое е сместено на источните падини на планината Караорман и се упативме кон домот на семејството на нашиоот колега и другар Веле Митаноски, новинар, публицист,политичар и пратеник во македонското Собрание . Неговата убава куќа, како и во минатите години и оваа година беше место на собир на бројни познати гости, меѓу кои: Поранешниот претседател на Собранието на Македонија, Трајко Вељановски, издавачот и поранешен претседател на Друштвото на писателите на Македонија, Христо Петревски, четворица гости - членови на партијата Македонска алијанса за европска интеграција (МАЕИ)  од Мала Преспа, Албанија, предводени од Ефтим Митревски, потпретседателот на Алијансата, како и други гости од Скопје, Охрид и Дебрца.

Инаку, Црвена Вода е планинско село чиј куќи се изигнуваат на надморска височина од 1.000 до 1.200 метри. Селото има убава и поволна поставеност кон југоисток, опкружено со густо пошумени планински падини при што тоа изобилува со свеж воздух и во најтоплите денови. Имајќи предвид дека Црвена Вода е доста високо село со многу

шума, поради својата поставеност тоа повеќе потсетува на утврдена населба (тврдина) при што тоа има специфична глетка: штом се здогледа една куќа така се гледа и целото село. Поради ваквото стратешко значење за време на Втората светска војна селото Црвена Вода било средиште на востаничката власт и војна и политика на македонските партизански одреди и органите на НОБ.

Потеклото на селото Црвена Вода дошло од тоа што на многу места на атарот и непосредно над самото село во многу голема мера е застапена почвата црвеница, односно има големи површини на земја и грутки со изразита црвена боја. Во услови на дождови сета вода која се слевала во долот од падините со почва црвеница непосредно над местото на денешното село била црвена, поради што најверојатно месноста и самото село поради тоа го добило името *Црвена Вода*. Од црвената земја се правени и тули со кои се градени постарите селски куќи кои заради ова карактеристика имаат црвена боја на ѕидовите

Селото Црвена Вода од Охрид е оддалечено 33 километри, чиј атар се издигнува високо на планината Караорман сè до билото на планината Стогово со врвот Бабин Сртч. Во густите шуми на атарот над селото најзастапени се листопадните шуми како буката, дабот, леската, јасиката, брезата, а во пониските делови и овошни дрвја како цреши и диви сливи. Од селото Црвена Вода водат повеќе шумски и планинарски патеки кон билото и врвот на Караорман како и врвот Бабин Срт на Стогово, при што тоа претставува завршна точка на првата западна македонска планинарска трансферзала.

Инаку, во пишаните историски документи е забележано дека селото Црвена Вода за првпат се споменува во 1582 година како дервенџиско село со 18 македонски христијански домаќинства. Тоа била дервенџиско село, односно село со посебни задолженија за чување на безбедноста на патните правци и во XVII век. Потоа селото престанало да постои, а денешното село било обновено околу 1820 година.

Селото има убава и поволна поставеност кон југоисток, опкружено со густо пошумени планински падини при што тоа изобилува со свеж воздух и во најтоплите денови. Имајќи предвид дека Црвена Вода е доста високо село со многу шума, поради својата поставеност тоа повеќе потсетува на утврдена населба (тврдина) при што тоа има специфична глетка.



